РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-1626/3
19 11 2024 год.
КОЧАНИ

Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање Новогодишен базар по пат на јавно наддавање бр. 08-1626/1од 05.11.2024 година, Комисијата за организирање Новогодишен базар по пат на јавно наддавање распишува:

**ПОВТОРЕН ОГЛАС**

**за организирање Новогодишен базар по пат на јавно наддавање**

1. Новогодишниот базар ќе се одржи на целата парцела на Градскиот парк во Кочани.
2. Новогодишниот базар ќе се одржи во периодот од 20.12.2024 год. до 14.01.2025 год.
3. Почетната цена за јавното наддавање изнесува 20 000,00 ден. + ДДВ, со праг на наддавање од минимум 2.000,00 ден.
4. Јавното наддавање ќе се спроведе на 21.11.2024 год. во 12:00 часот во просториите на Општина Кочани, ул.„Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани.
5. Право на учество на јавното наддавање имаат сите правни субјекти регистрирани во Централен регистар, кои ќе уплатат 10 % од почетната цена за лицитација до почетокот на самата лицитација.
6. Како доказ да се достават Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци и доказ за активна трансакциска сметка.
7. Уплатата ќе се врши на жиро-сметката 736014044463010 – Буџет на Општина Кочани, приходна шифра 725 939, 100000000 63095 НБРМ.
8. На јавното наддавање доколку се јави и еден учесник ќе биде реализирано.
9. Постигнатата цена најповолниот понудувач има обврска да ја уплати на сметката на Општина Кочани, истиот ден по завршување на лицитацијата.
10. Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.
11. Општина Кочани ќе има обврска да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на Базарот, да обезбеди поставување и украсување елка и украсување на просторот во Градскиот парк, да обезбеди вода, струја, санитарни јазли што ќе ги одржува и за време на Базарот и редовно да го чисти просторот од отпадоци.
12. Обврска на закупецот е да обезбеди минимум 10 монтажно-демонтажни објекти и штандови изработени од дрво или плексиглас, за продажба на: храна, крофни и палачинки, кафе и пијалаци, сувенири, ракотворби и детски играчки и сл.
13. Обврска на закупецот е да ги издава монтажно-демонтажни објекти и продажни штандови согласно законските прописи.
14. Закупецот има обврска да изготви документи согласно Законот за комунални такси и Законот за административни такси.

15.Монтажно-демонтажните објекти што ќе бидат поставени да имаат можност да работат од 10:00 до 22:00 часот, секој ден во периодот од 20.12.2024 год. до 14.01.2025 год.

Претседател на Комисијата
Аника И. Георгиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ